**CRPM Skopje / ЦИКП Скопје** е тинк тенк со седиште во Македонија и со проектни активности во Југоисточна Европа. Канцеларијата во Македонија започна со работа во 2004 година и денес има вкупно 10 вработени кои работат на истражување и анализа, градење на капацитети и евалуација во областа јавни политики.

**CRPM Skopje / ЦИКП Скопје**, објавува оглас за регрутирање на:

**ПРАКТИКАНТ/КА**

Целта на практиканството е да овозможи на млада невработена личност можност за 3-6 месечно работно искуство во динамична канцелариска средина. Тој/таа ќе биде менториран на дневна основа и ќе биде ангажиран(а) на оперативни, логистички и програмски активности. Практикантот/ката ќе придонесе кон успешно реализирање на планираните активности и истовремено ќе стекне нови лични знаења и вештини преку спроведување на професионални работни обврски.

**Главни одговорности:**

- Поддршка во организирање и спроведување на Вечерите на женски права;
- Поддршка во подготовка на настани;
- Ажурирање на бази со податоци;
- Ажирарање на веб страната и ФБ/Инстрагам страната на ЦИКП
- Превод на документи од/на англиски и македонски;
- По потреба, спроведување на останати програмски и проектни активности.

**Потребни способности и вештини:**

- Одлични комуникациски способности
- Организациски способности
- Мотивирана и стабилна личност
- Иницијативност и тимски дух
- Флексибилност за повремено патување и работа на терен

**Очекувани квалификации:**

- ВСС од областа на економија, право, новинарство, односи со јавност, технички науки или сродни области;
- Интерес и знаење за визуализација на дата бази и комуникација;
- Претходно работно искуство не е потребно
- Флуентен англиски јазик, писмена и усна комуникација
- Работно користење на компјутер – MS office
- Пожелно е кандидатите да бидат регистрирани во Агенцијата за вработување како активни баратели на работа

Сите заинтересирани кандидати може да испратат апликација со професионална биографија на crpm@crpm.org.mk со назнака за “Практикант” најдоцна до **6-ти февруари 2017.**